Машински факултет
Број 02-612/11
26.08.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 173 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018), член 69 став 1 точка 8 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), како и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018), во врска со Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област Математика во Одделот за математика и информатика на Машинскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 15-та редовна седница одржана преку видеоконференциска платформа на 26 август 2021 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за избор во наставно-научно звање доцент

Асистент д-р Томи Димовски, се избира во наставно-научно звање доцент во научната област 10900 Математика во Одделот за математика и информатика на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, за време од пет години.

## О б р а з л о ж е н и е

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје, на 23 април 2021 година, распиша Конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област 10900 Математика.

Конкурсот за избор е објавен во дневните весници Вечер и Коха.

На Конкурсот се пријави д-р Томи Димовски, асистент на Машински факултет во Скопје.

Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 26 август 2021 год., изјаснувајќи се по предлогот во Рефератот на Рецензентската комисија, објавен во Билтенот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” - Скопје број 1240 од 15 јуни 2021 год., со мнозинство гласови од присутни 50 од вкупно 56 членови на Советот со наставно-научно звање, донесе одлука со која асистент д-р Томи Димовски се избира во наставно-научно звање доцент во научната област 10900 Математика во Одделот за математика и информатика.

Одлуката да се достави до: именуваниот, општа служба - досие, сметководство, наставно-научен совет и архивата на Машински факултет во Скопје.

Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Република Северна Македонија
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

Изготвил: В.Гонтарева Темелковски

207